**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 19 јули 2019 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: јуни 2019 година

– Во јуни 2019 година, кај **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])** е остварен месечен раст од 0,8%, главно како резултат на зголемувањето кај депозитните пари[3], по што следуваат краткорочните депозити и готовите пари во оптек, при мал пад кај долгорочните депозити до 2 години. Споредено на годишна основа, растот на паричната маса изнесува 9,2%. Годишната промена е условена од раст кај сите компоненти на паричната маса, каде што најголемо влијание имаат депозитните пари (учество од 65,8%), следени од краткорочните депозити, готовите пари во оптек и долгорочните депозити до 2 години.

– Во јуни, **вкупните депозити[4]** бележат месечен раст од 0,9%, којшто е резултат на растот на депозитите кај двата сектора. На годишна основа, растот на вкупните депозити изнесува 10,5%. Годишната промена е резултат на зголемувањето на депозитите на двата сектора, при малку поголем придонес на депозитите на секторот „домаќинства".

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[5] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 5.2019 | 6.2019 | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 5.2019 | 6.2019 | 5.2019 | 6.2019 |
| **Парична маса М4** | **354,712** | **372,931** | **374,681** | **386,470** | **395,840** | **416,814** | **423,711** | **427,071** | **6.2** | **5.1** | **7.5** | **10.1** | **11.7** | **11.8** | **10.6** | **10.5** | **-0.7** | **0.8** |
| **Парична маса М3** | **322,199** | **336,989** | **337,684** | **348,090** | **353,862** | **373,436** | **377,090** | **379,982** | **6.0** | **4.6** | **7.3** | **10.1** | **10.9** | **10.8** | **9.2** | **9.2** | **-0.9** | **0.8** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 28,193 | 29,968 | 28,658 | 29,681 | 30,665 | 32,233 | 32,212 | 32,554 | 7.2 | 6.3 | 6.9 | 4.2 | 5.9 | 7.6 | 10.0 | 9.7 | -1.1 | 1.1 |
| **Вкупни депозити** | **321,888** | **339,314** | **340,135** | **349,816** | **358,126** | **375,046** | **383,162** | **386,461** | **5.7** | **5.4** | **7.1** | **9.9** | **11.6** | **10.5** | **10.4** | **10.5** | **-0.5** | **0.9** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 87,377 | 89,248 | 85,791 | 90,295 | 93,775 | 97,703 | 98,221 | 99,456 | 13.4 | 2.1 | 4.1 | 11.6 | 16.8 | 9.5 | 11.3 | 10.1 | -1.1 | 1.3 |
| Домаќинства | 217,394 | 230,744 | 233,485 | 236,832 | 240,139 | 252,563 | 257,057 | 258,100 | 2.5 | 6.1 | 7.3 | 7.9 | 8.4 | 9.5 | 8.8 | 9.0 | -0.1 | 0.4 |
| **Вкупни кредити** | **284,782** | **300,257** | **298,059** | **306,049** | **311,558** | **322,089** | **328,459** | **330,726** | **-0.1** | **5.4** | **5.7** | **6.2** | **7.9** | **7.3** | **8.3** | **8.1** | **0.6** | **0.7** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 154,225 | 157,722 | 152,187 | 155,427 | 157,165 | 164,765 | 164,930 | 165,305 | -5.3 | 2.3 | 2.3 | 2.9 | 5.7 | 4.5 | 7.0 | 6.4 | -0.3 | 0.2 |
| Домаќинства | 129,321 | 141,232 | 144,491 | 149,254 | 152,990 | 155,734 | 162,085 | 163,963 | 7.0 | 9.2 | 9.4 | 9.7 | 10.1 | 10.3 | 9.6 | 9.9 | 1.7 | 1.2 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

[4] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.

[5] Годишните стапки на кредитите во периодот јуни 2016 – мај 2017 година беа под влијание на ефектите од мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од две години.

– **Вкупните кредити**, овој месец, се зголемија за 0,7% на месечно ниво, што произлегува од зголеменото кредитирање на секторот „домаќинства", а во помала мера и од зголеменото кредитирање на корпоративниот сектор. Анализирано на годишна основа, растот на кредитите изнесува 8,1% и е резултат на кредитирањето на банките на двата сектора.







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[6]




Извор: НБРСМ.

– Во јуни 2019 година, вкупните **депозити на корпоративниот сектор** остварија месечен раст од 1,3%, којшто произлегува од растот на депозитните пари, краткорочните депозити во странска валута и долгорочните депозити во денари, при мал пад кај долгорочните депозити во странска валута. Стапката на годишен раст на депозитите изнесува 10,1% и е резултат на зголемувањето на сите категории, со најголем придонес на депозитните пари коишто објаснуваат две третини од растот.

[6] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

– Кај **кредитите на корпоративниот сектор**[7], во јуни, е евидентиран благ месечен раст од 0,2%, којшто во целост се должи на зголеменото кредитирање во странска валута. Гледано на годишна основа, остварен е раст од 6,4%, за што најголем придонес имаат кредитите во домашна валута.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[8]




Извор: НБРСМ.

– Вкупните **депозити на домаќинствата** забележаа месечен раст од 0,4%, во најголем дел заради растот на депозитните пари, како и растот на орочените депозити во денари и во странска валута. Годишниот раст изнесува 9,0% и произлегува од зголемувањето на депозитните пари, краткорочните депозити во странска валута и долгорочните депозити во денари и во странска валута.

[7] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамки на странската валута.
[8] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

– Во јуни, банките и штедилниците одобриле **кредити на домаќинствата** коишто на месечно ниво се повисоки за 1,2%, а на годишно ниво се повисоки за 9,9%. На месечно ниво, кредитирањето на домаќинствата во странска валута е поголемо од кредитирањето во домашна валута, додека на годишно ниво е обратно, односно придонесот на кредитирањето во денари е поголем во однос на кредитирањето во странска валута.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 5.2019 | 6.2019 | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 5.2019 | 6.2019 | 5.2019 | 6.2019 |
| Потрошувачки кредити | 65,438 | 72,595 | 74,218 | 77,100 | 78,964 | 80,632 | 85,085 | 86,335 | 13.4 | 10.9 | 10.7 | 11.1 | 11.1 | 11.1 | 11.8 | 12.0 | 2.2 | 1.5 |
| Станбени кредити | 34,608 | 39,535 | 40,899 | 42,309 | 43,896 | 45,539 | 47,311 | 47,785 | 14.3 | 14.2 | 15.4 | 14.9 | 16.2 | 15.2 | 13.2 | 12.9 | 1.1 | 1.0 |
| Автомобилски кредити | 323 | 316 | 318 | 307 | 301 | 312 | 323 | 320 | -19.1 | -2.2 | 2.9 | 0.2 | -2.2 | -1.3 | 3.2 | 4.0 | 0.1 | -1.2 |
| Кредитни картички | 12,380 | 12,281 | 12,157 | 12,192 | 12,235 | 12,246 | 12,056 | 12,007 | 0.3 | -0.8 | -1.1 | -0.8 | -0.9 | -0.3 | -1.1 | -1.5 | -0.3 | -0.4 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,795 | 5,896 | 6,300 | 6,672 | 6,881 | 6,232 | 6,721 | 6,850 | 3.6 | 1.8 | 0.4 | 4.8 | 5.7 | 5.7 | 0.3 | 2.7 | 4.7 | 1.9 |
| Други кредити | 4,584 | 4,564 | 4,534 | 4,593 | 4,566 | 4,607 | 4,199 | 4,217 | 7.3 | -0.4 | -0.5 | -0.8 | -0.2 | 0.9 | -8.0 | -8.2 | -0.4 | 0.4 |

Извор: НБРСМ.

– Анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, кај најзастапените категории – **потрошувачките и станбените кредити** е забележан месечен раст од 1,5% и 1,0%, соодветно, при годишно зголемување од 12,0% и 12,9%, соодветно. Овој месец, **автомобилските кредити** забележаа месечен пад од 1,2%, при годишен раст од 4,0%, додека кредитите одобрени на **кредитни картички** на месечно и на годишно ниво остварија намалување од 0,4% и 1,5%, соодветно. **Негативните салда на тековните сметки** забележаа месечен и годишен раст од 1,9% и 2,7%, соодветно, додека кредитите одобрени врз **други основи** остварија месечен раст од 0,4%, при истовремен годишен пад од 8,2%.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitnite-institucii---mesecni-podatoci.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 21 август 2019 година (референтен пресек заклучно со јули 2019).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).